Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

Денови на македонската култура во САД

Macedonian Culture in USA
Fine Art, Performances and Film

# Contemporary

# СОВРЕМЕНИ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИЦИ

# Macedonian Artists



Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Национална галерија на Македонија
The National Gallery of Macedonia

# Современи македонски уметници
## Contemporary Macedonian Artists

Галерија МС / Gallery MC
Њујорк / New York, 2008

Македонија е земја чија историја е често пати пишувана од други, чии топоними биле многу пати менувани од страна, чиј јазик бил забрануван да се говори. На просторот, во кој со векови се одвивале историски бури, пустошења и деструкции, она што опстојувало бил автентичниот печат вдлабнат од уметничката моќна матрица, всадена во длабочините на народниот бит. На тој начин е етаблиран духовниот креативен идентитет, создавајќи вредности кои ги премостувале понорите на времињата.

Почнувајќи од првиот неолитски маж Адам од Говрлево, златните Требенички погребни маски, екстатичната Тетовска менада, римските градови, Хадријановите амфитеатри, колоритните мозаици од ранохристијанските базилики во Хераклеа до интригантните теракотни Винички икони и преку средновековните фрески од богатата византиска ризница, закрилени во македонските манастири чии визуелни еха одекнуваат во денешните македонски творечки импулси, ги имаме и сведоштвата на отоманската профана и сакрална градителска традиција... и сето тоа е преплетено во една културна интеракција чии одблесоци ги добиваме во скапоцениот отсјај на уметничките остварувања низ вековите.

Во оваа богато напластена културна стратиграфија се наоѓаат корените на современата македонска уметност чии одбрани претставници се предадени со оваа изложба подготвена за Деновите на македонската култура во Соединетите Американски Држави. Со ова се проследуваат овие македонски уметници кои на свој начин и во свои медиуми прецизно ги даваат автентичните вредности на современото македонско живеење. Имињата С. Павлески, А. Мазневски, Ј. Шумковски, Б. Маневски, Ж. Вангели, Р. Амети, Т. Аџиевски, Г. Наневски се дел од уметничкото наследство што Македонија денес им го остава на идните генерации, и по кои достоинствено ќе се детерминира нашиот став кон себе и кон светот денес и во иднина.

Во овој жив процес, оската на настаните е Министерството за култура на Р. Македонија, кое означува моќен импетус за културните текови кај нас и е катализатор на вредностите кои во себе го содржат предзнакот МКД.

Виш кустос **Маја Крстевска**
директор на Националната галерија на Македонија

Macedonia is a country with a history frequently written by others, whose toponyms were changed by others, and whose language was many times forbidden to be spoken. This area was a place where historical tempests, havoc and destruction took place for centuries. What managed to survive was the authentic imprint of the powerful artistic matrix embeded in the way of living. This was the way in which its spiritual and creative identity was established with values that managed to bridge the abyss of time.

From the first neolitic man - Adam from Govrlevo, through the golden funeral masks from Trebeniste, the ecstatic Menada from Tetovo, the Roman cities, the Hadrian amphytheatres, the Heraklea's colorful mosaics dating back to the early christian basilica, the intriguing teracota icons from Vinica to the medieval frescoes from the rich Byzantine treasury to be seen in the Macedonian monasteries that echo in the Macedonian contemporary creative impulses, one can find testimonies of the Ottoman profane and sacral construction tradition.... all of that interwoven with the cultural interaction whose reflection is to be seen in the precious radiance of the artistic accomplishments thorugh the past centuries.

In this rich cultural stratigraphy one can find the roots of the Macedonian contemporary art. Its selected representatives form the core of this exhibition, organized in the United States of America for the celebration of the Days of the Macedonian Culture. This exhibition hosts those Macedonian artists who, in their own way and through their own media, reflect the authentic values of the contemporary Macedonian life. S. Pavleski, A. Maznevski, J. Sumkovski, B. Manevski, Z. Vangeli, R. Ameti, T. Adzievski, G. Nanevski are part of the artistic legacy that Macedonia is leaving for the future generations, that will determine in a dignified manner, not only our attitude toward ourselves, but also our attitude toward today's and tomorrow's world.

In this process, the pillar of all these events is the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia that acts as a powerful impetus of the cultural trends and a catalyst of all the values marked with the sign *MKD*.

Senior curator **Maja Krstevska**
Director of the National Gallery of Macedonia

Решат Амети / **RESHAT AMETI**
Томе Аџиевски / **TOME ADZIEVSKI**
Жанета Вангели / **ZANETA VANGELI**
Антони Мазневски / **ANTONI MAZNEVSKI**
Благоја Маневски / **BLAGOJA MANEVSKI**
Гоце Наневски / **GOCE NANEVSKI**
Станко Павлески / **STANKO PAVLESKII**
Јован Шумковски / **JOVAN SHUMKOVSKI**



# Решат Амети

## RESHAT AMETI

Роден е во Гостивар на 16 мај 1964 година. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1988 година, а 2002 година ги завршил постдипломските студии на Факултетот за ликовни уметности во Приштина. Од 2008 година е редовен професор по сликарство на Факултетот за ликовни уметности при Државниот униврзитет во Тетово.

www.reshatameti.com
e-mail: rameti@yahoo.com

Was born on 16 May 1964 in Gostivar. He graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1988. In 2002 he got his master degree in the Art Academy in Pristine. Since 2008 he teaches painting at the Faculty of Fine Arts at the University of Tetovo.

www.reshatameti.com
e-mail: rameti@yahoo.com

***Самостојни изложби:***

1990 – Галерија Kiwi, Виена; 1996 – Призрен; 1997 – Галерија ТАИ, Њујорк; 1998 – Галерија ТАИ, Њујорк; Гостивар; Кочани; Скопје; 1999 – Галерија ,,ПАБО" Гроненгем; 2003 – Ober Bank, Виена; Музеј на град Скопје, Скопје; 2004 – МЦ, Њујорк; International Cité des ARTS, Париз; 2005 – Тирана; 2007 – МСУ, Скопје; Art Vibration, Хамбург; 2008 – Ehrenhalle des Rathauses Wolff'scher Bau, Нирнберг.

Исто така, учествувал во голем број *групни изложби* во Њујорк, Скопје, Тирана, Стразбур, Букурешт, Виена и Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк.

Неговото творештво е опфатено во монографијата „50 Години ДЛУМ", во книгата на В. Величковски „Геометризмот во современата македонска уметност" и во книгата „Разговор со уметникот" на Скендер Рауфи.

Потпретседател е на ДЛУМ, член на Арт форум „Weltoffen", Виена и член на Друштвото „Драудакум", Гостивар.

Добитник е на бројни *награди* како што се: Арт форум „Weltoffen", Виена; од друштвото „Тирана" и Ноемвриска награда од Друштвото „Драудакум", Гостивар.

***Solo exhibitions:***

1990 – Gallery Kiwi, Vienna; 1996 – Prizren; 1997 – Gallery TAI, New York; 1998 – Gallery TAI, New York; Gostivar; Kocani; Skopje; 1999 – Gallery ,,PABO", Gronengem; 2003 – Ober Bank, Viena; Museum of the City of Skopje, Skopje; 2004 – MC, New York; International Cité des ARTS, Paris; 2005 – Tirana; 2007 – Museum of Contemporary Art, Skopje; Art Vibration, Hamburg; 2008 – Ehrenhalle des Rathauses Wolff'scher Bau, Nuremberg.

He also participated at various *group exhibitions* in New York, Skopje, Tirana, Strasbourg, Bucharest, Vienna and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.

His works are presented in following publications: V. Velickovski, "50 Years of DLUM", DLUM, Skopje, 1996; V. Velickovski, "Geometrisme and Contemporary Macedonian Art; S. Raufi, "Interview with an Artist".

He is the vicepresident of the Macedonian Association of Fine Arts, member of the International Art Forum "Weltoffen" Viena and member of Macedonian Association of Fine Arts "Draudacum".

He has won numerous *prizes* as: Art forum, "Weltoffen", Vienna; Tirana Association Reward and November Reward of the "Draudacum" Association, Gostivar.



Енигма, 1994
комбинирана техника, 90x70

Enigma, 1994
combined technique, 90x70

## Томе Аџиевски



TOME ADZIEVSKI


Роден е 1958 година во Струмица. Дипломирал во 1983 година на Академијата за ликовни уметности во Загреб, во класата на скулпторот Иван Саболиќ. Истата година, како стипендист остварува двомесечен студиски престој на Уметничката академија во Виена. Од 1984 година е член на ДЛУМ.
e-mail: tomeadzievski@yahoo.com

Was born in 1958 in Strumica. He graduated in 1983 at the Academy of Fine Arts in Zagreb, where he had attended the class of sculptor Ivan Sabolic. During that year he received a two-month fellowship grant at the Arts Academy in Vienna. Since 1984, Adzievski is a member of the Macedonian Association of Fine Artists.
e-mail: tomeadzievski@yahoo.com


За прв пат самостојно се претставува во 1986 година со проектот „Трчање по Запад" којшто ќе ја разбранува ликовната заедница со бескомпромисниот став кон темата. Веќе од самите почетоци на неговата кариера, Аџиевски е вклучен во повеќе важни селекции на поранешна Југославија.

На Годишната изложба на ДЛУМ, тој е награден со престижната награда за скулптура „Нерешки мајстори" како најмлад добитник на ова признание.

Во проектот од 2001 година, насловен „Архитектура на агресијата" и инспириран од скорешните трагични и, напати, траги-комични случувања на политички план во Македонија, предизвика сериозни реакции на јавноста.

Во своите творечки постапки Аџиевски успешно ги вградува класичните техники и материјали (како бронзата, дрвото, каменот) и современите средства (видео, билборд фотографија, компјутерски техники). Неговата изложбена дејност е позната во Белград, Загреб, Сараево, Анталија, Грац, Нирнберг, Дрезден, Берлин, Манчестер, Париз, Вашингтон, Њујорк, Сан Франциско, Лос Анџелес, Венеција, итн.

Во 2008 година учествува на групната изложба Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк.

His first solo presentation was in 1986 with the project "Running After the West" which had stirred the art community with its uncompromising criticism as to the issue at hand. From the very beginnings of his career, Adzievski was included in a number of important art selections in former Yugoslavia.

At the Annual exhibition of the Macedonian Association of Fine Artists he won the prestigious "Masters of Nerezi" award for sculpture, as the youngest artist who was ever bestowed with this recognition.

In his project from 2001, entitled as "Architecture of Aggression" and inspired by the recent tragic, from time to time tragi-comical happenings on the political scale in Macedonia, Adzievski places his critical commitment towards the society in which he lives. The project that is based on the mail-art concept, accompanied by letters and flyers, provoked serious reactions of the public.

In his creative processes Adzievski successfully incorporates the classical technique and materials (such as bronze, wood, stone), as well as the contemporary means (video, billboard photography, computer works). His exhibiting practice is noted in Belgrade, Zagreb, Sarajevo, Antalia, Graz, Nuremberg, Dresden, Berlin, Manchester, Paris, Washington, New York, San Francisco, Venice, Los Angeles, etc.

In 2008 he is participating in the group exhibition Macedonian Contemporary Artists, MC, New York.



Тажниот крај на П. Хаџи Бошков, 2008
дрво, 1.30x60x30 / 1.20x40x30

The Sad End of P. Hadzi Boshkov 2008
wood, 1.30x60x30 / 1.20x40x30



# Жанета Вангели

## ZANETA VANGELI

Родена е во Битола, Македонија, во 1963. Таа дипломирала на Државниот факултет за ликовни уметности – Штеделшуле во Франкфурт/Мајна во 1988. Од 2008 таа предава сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
e-mail: zanetavangeli@yahoo.com

Was born in Bitola, Macedonia in 1963. She graduated at the Staatliche Hochschule für Bildende Künste – Städelschule in Frankfurt/M. in 1988. Since 2008 she teaches painting at the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail: zanetavangeli@yahoo.com

Таа е мултимедијален уметник кој работи во областа на сликарството, фотографијата, видеото и филмот. Нејзиниот главен интерес е фокусиран на интерактивноста помеѓу индивидуалната и колективната свест, како и на деконструкција на поими каков што е политичката коректност.

Таа имала *самостојни изложби* во Скопје, Франкфурт/М., Келн, Њујорк, Стокхолм, Аделаид и учествувала на многубројни *групни изложби* и филмски фестивали: 1999 – After the Wall, Moderna Museet, Стокхолм; Aspekte, Positionen, 50 Jahre Kunst aus Mitteleuropa 1949; Museum Moderner Kunst Stiftung Ludwig Wien, Виена; 2002 – 59. Mostra Internazionale d'Arte Cinematografica, секција: New Territories, Венеција; 2003 – 50th International Art Exhibition, Dreams and Conflicts, The Dictatorship of the Viewer, La Biennale di Venezia, Македонски павилјон, Венеција; Blood & Honey, Kunst der Gegenwart, Sammlung Essl, Виена; 2004 – Rio de Janeiro International Film Festival; 2005 – 7th Buenos Aires International Independent Film Festival; 1st Berlin Photography Festival, After the Fact, Martin Gropius Bau, Берлин; 2006 – 9. Скопски меѓународен филмски фестивал, Скопје; 2008 – The Renaming Machine, Јакопичева галерија, Љубљана; Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк итн.

She is a multimedia artist working on paintings, photography, video and film. Her main interest is focused on the interactivity of the individual and collective consciousness; on the deconstruction of notions, such as the political correctness.

She had *solo exhibitions* in Skopje, Frankfurt/M., Cologne, New York, Stockholm, Adelaide, and participated at various *group exhibitions and film festivals:* 1999 – After the Wall, Moderna Museet, Stockholm; Aspekte, Positionen, 50 Jahre Kunst aus Mitteleuropa 1949; Museum Moderner Kunst Stiftung Ludwig Wien, Vienna; 2002 – 59. Mostra Internazionale d'Arte Cinematografica, Section: New Territories, Venice; 2003 – 50th International Art Exhibition, Dreams and Conflicts, The Dictatorship of the Viewer, La Biennale di Venezia, Macedonian Pavillion, Venice; Blood & Honey, Kunst der Gegenwart, Sammlung Essl, Vienna; 2004 – Rio de Janeiro International Film Festival; 2005 – 7th Buenos Aires International Independent Film Festival; 1st Berlin Photography Festival, After the Fact, Martin Gropius Bau, Berlin; 2006 – 9th Skopje International Film Festival, Skopje; 2008 – The Renaming Machine, Jakopiceva Galerija, Ljubljana; Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.




Екс-ФИРОМ-изам или
непрестајната желба по
вечноста, 1998
диптих, инкџет принт, 180x220

ExFYROMism, or the Constant
Desire for Eternity, 1998
dyptich, inkjet print, 180x220



# Антони Мазневски

## ANTONI MAZNEVSKI

Роден во Скопје, 1963. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1991 година. Во 1995 имал студиски престој на Меѓународната летна академија во Салцбург (Австрија), а во 1997 во Њујорк, посетувајќи ја програмата ArtsLink. Од 2003 година предава сликарство и цртеж на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Живее и работи во Скопје.
e-mail: a.mazne@gmail.com

Born in Skopje, in 1963. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, 1991. In 1995 he was on a Residency at the International Art Academy in Salzburg (Austria), and in 1997 in New York, following the Programme ArtsLink. Since 2003 he teaches painting and drawing at the Faculty of Fine Arts in Skopje. Lives and works in Skopje.
e-mail: a.mazne@gmail.com

***Самостојни изложби:***

1992 – Културно-информативен центар, Скопје; 1996 – Музеј на современата уметност, Скопје; Културно-информативен центар, Скопје; 1997 – Младински културен центар, Скопје; 1998 – CIX галерија, Скопје; 1999 – CIX галерија, Скопје; 2002 – Музеј на град Скопје, Скопје; 2003 – Галерија на Е.М. Сандоз и М. Давид-Вејл, Париз; 2004 – Музеј на современата уметност, Скопје; 2005 – 51. Венециско биенале; 2006 – Мала галерија, Скопје; 2008 – Национална галерија на Македонија, Мала станица, Скопје.

Селектирани *групни изложби:* Меѓународна сликарска изложба, Итака; Октобарски салон, УЛУС Белград; Колекција на Самлунг Есл „Крв и мед", Виена; Фридерицианум музеј, Касел; Уметнички простор, Њујорк; „Bound/less Borders", Белград; Музејот на Робевци, Охрид; „40 години ФЛУКСУС", Висбаден; „Конструкција во процес", Лоѓ; 15 Меѓународна изложба на цртеж, Риека; „Japan Foundation Forum", Токио; „Кафен шеќер", Кунстхаус, Нирнберг; „Letter Box Waimar", Вајмар; „Програма Меѓународно студио", Њујорк; Bayerishe Landesbank Gallery, Минхен; „Радијации – рецентна македонска уметност", Белград; „11 Портрети", Скопје; „9½ Нова македонска уметност", Музеј на современата уметност, Скопје; „Image Box", Скопје; 16-то Југословенско биенале на млади, Модерна галерија, Риека и Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк.

***Solo exhibition:***

1992 – Cultural and Informative Center, Skopje; 1996 – Museum of Contemporary Art, Skopje; 1997 – Youth Cultural Center, Skopje; 1998 – CIX Gallery, Skopje; 1999 – CIX Gallery, Skopje; 2002 – Museum of the City of Skopje, Skopje; 2003 – Gallery of E.M. Sandoz and M. David-Weill, Paris; 2004 – Museum of Contemporary Arts, Skopje; 2005 – 51. Venice Biennal; 2006 – Mala Galerija, Skopje; 2008 – National Gallery of Macedonia, Mala Stanica, Skopje.

Selected *group exhibitions:* International Painting Exhibition, Ithaca; 2005; October Salon, ULUS, Belgrade; Collection of Samlung Esl, "Blood and Honey", Vienna; Fridericianum Museum, Kassel; Artist Space, New York; "Bound/less Borders", Belgrade; Museum of Robevci, Ohrid; "40 Years FLUXUS", Wiesbaden; "Construction in Process", Lodz; 15 International Exhibition of Drawings, Rijeka; "Japan Foundation Forum", Tokyo; "Brown Sugar", Kunsthaus, Nuremberg; "Letter Box Weimar", Weimar; "International Studio Program", New York; Bayerishe Landesbank Gallery, Munich; "Radiations – Recent Macedonian Art", Belgrade; "11 Portraits", Skopje; "9½ New Macedonian Art", Museum of Contemporary Art, Skopje; "Image Box", Skopje; 16-th Yugoslav Youth Biennial, Modern Gallery, Rijeka and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.



Морфолошка единица f, 2007, медијапан, 200x46x60

Morphological Unit f, 2007, mediapan, 200x46x60

# Благоја Маневски




Роден е во 1957 година во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1986 година, и оттогаш е член на ДЛУМ. Работи како професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
e-mail: art_manevski@yahoo. com

Born 1957 in Skopje, Republic of Macedonia. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, 1986. Member of DLUM (Association of Macedonian Artists) since 1986. He is a professor at the Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail: art_manevski@yahoo.com

**Селектирани *самостојни изложби:***

1985 – Дом на културата Охрид; Уметнички салон Велес; Израз во сликата (со С. Соколовски и Ј. Шумковски), Дом на културата Штип; 1987 – Музеј на современата уметност, Скопје; Уметничка галерија Куманово; 1988 – Галерија СКЦ (со: Д. Петковиќ и Ј. Шумковски), Белград; 1997 – Територија, инсталација, Музеј на град Скопје; 2002 – Логички слики (Различни соби, различни гласови), Музеј на современата уметност, Скопје; 2005 – Парада, хепенинг/дејствие, Плоштад Македонија, Скопје; Парада, инсталација, Национален музеј, Велес; 2006 – Логички слики (Овде и сега), Музеј на град Скопје; 2007 Логички слики (Крстосница), Павилјон на Република Македонија, Институт Килиота, 2007 – 52 Венециско биенале; 2008 – Цртежи, Мала галерија, Скопје; Галерија МЦ (со С. Соколовски), Њујорк.

Ја има претставувано својата уметност на голем број *групни изложби* во Вашингтон, Њујорк, Истамбул, Рим, Париз, Лондон, Минхен, Токио, Белград, Скопје, Карловац, Сараево, Риека, Сомбор и Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк.

Добитник е на голем број *награди* од кои се издвојуваат: од Музејот на современата уметност во Скопје на првото Младинско биенале (1987), на Музејот на современата уметност во Скопје, на Годишната изложба на цртежи (1989), на Уметничката галерија на Годишната изложба на цртежи (1994), на Сорос центарот за современа уметност во Имиџ бокс (1995) и награда за сликарство „Нерешки мајстори", на 50 Изложба на ДЛУМ (2003).

**Selected *solo exhibitions:***

1985 – Cultural House "Grigor Prlicev" Ohrid; Art Salon Veles; Expression in the Image (with: S. Sokolovski and J. Sumkovski), Cultural House "Aco Sopov", Stip; 1987 – Museum of Contemporary Art, Skopje; Art Gallery Kumanovo; 1988 – Gallery SKC (with: D. Petkovic and J. Sumkovski), Belgrade; 1997 – Territory, installation, Museum of the City of Skopje; 2002 – Logical Paintings (Different Rooms, Different Voices), Museum of Contemporary Art, Skopje; 2005 – Parade, happening/action, Square Macedonia; Parade, installation, National Museum, Veles; 2006 – Logical Paintings (Here and Now), Museum of the City of Skopje; 2007 – Logical Paintings (Crossing), Pavilion of the Republic of Macedonia, Istituto Ciliota, 52 La Biennale Di Venezia, Venice; 2008 – Drawings, Mala Galerija, Skopje; Gallery MC (with S. Sokolovski), New York.

He has participated in numerous *group exhibitions* in Washington DC, New York, Istanbul, Rome, Paris, London, Munich, Tokyo, Belgrade, Karlovac, Sarajevo, Rijeka, Sombor, Skopje and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.

He is a winner of many awards like Award of the Skopje Museum of Contemporary Art at the First Youth Biennial (1987), Award of the Skopje Museum of Contemporary Art at the Annual Drawing Exhibition (1989), Award of the Art Gallery at the Annual Drawing Exhibition (1994), Award of the Soros Centre for Contemporary Arts at the Image Box 1995 and Award for Painting "Nereski majstori", 50th Exhibition of DLUM (2003)



Логични слики (NYC), 70x70

Logic Paintings (NYC), 70x70



## Гоце Наневски

## GOCE NANEVSKI


Роден е 1974 година во Скопје, Република Македонија. Во 1996 година дипломирал на ФЛУ Скопје, во класата на проф. Васил Василев. Во 2002 г. магистрирал вајарство на ФЛУ Скопје. Од 2004 работи како асистент на ФЛУ Скопје. Член е на ДЛУМ од 1999 година.
e-mail: gocenanevski@yahoo.com

1974 – Born in Skopje, Republic of Macedonia. 1996 – BFA, Faculty of Fine Arts in Skopje, Department for sculpture. 2002 – MFA, Faculty of Fine Arts in Skopje, Department for sculpture. Present job: teaching assistant in FFA, University "St. Cyril and Methodius"
e-mail: gocenanevski@yahoo.com


**Селектирани *самостојни изложби:***

1998 – Скулптури, Младински културен центар, Скопје; 2002 – „Систем-и", Музеј на град Скопје, Скопје; 2004 – „Виртуал Кермез", инсталација, Градски парк, Скопје; 2006 – Пат „II", Културен центар АСНОМ, Гостивар; Педесет или Педесет, Музеј на современата уметност, Скопје; „Пат", ЛУ Народен музеј, Велес; 2007 – „Континуирани дистрибуции на веројатноста", МЦ, Њујорк; „Континуирани дистрибуции на веројатноста", Пловдив; 2008 – „Линија и форма или број", Никшиќ; „Педесет или Педесет II", Галерија Препород, Сараево.

Учествувал на голем број *групни изложби* во Амстердам, Виена, Лос Анѓелес, Њујорк, Сараево, Торес Ведрас, Калдас да Раиња, Трст, Варна, Горњи Милановац, Чачак, Ксанти, Скопје и Современи македонски уметници, МЦ, Њујорк.

Добитник е на наградите „Јордан Грабул" за скулптура на ДЛУМ и „Љубомир Белогаски" за најдобра изложба на млад автор на Музеј на град Скопје.

**Selected *Solo Exhibitions:***

1998 – Sculptures, Youth Cultural Center, Skopje; 2002 – "System-s", Museum of the City of Skopje, Skopje; 2004 – "Virtual Kermez", instalation, Skopje City Park, Skopje; 2006 – "Path II", Cultural Center ASNOM, Gostivar; "Fifty or Fifty", Museum of Contemporary Art, Skopje; "Path", National Museum, Veles; 2007 – "Continuous Probability Distributions", Gallery MC, New York; "Continuous Probability Distributions", Plovdiv; 2008 – "Line and Form or a Number", Niksic; "Fifty or Fifty II", Gallery "Preporod" Sarajevo.

He has participated in many *group exhibitions* in Amsterdam, Vienna, Los Angeles, New York, Saraevo, Tores Vedras, Caldas da Rainha, Trst, Varna, Gorni Milanovac, Cacak, Ksanti, Skopje and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York.

He has won Jordan Grabul prize for sculpture, by Macedonian Artists Association and Ljubomir Belogaski prize for best young artist bu the Museum of the City of Skopje.



Педесет или педесет, сегмент 8, 2006
Метал, принт цифри, 120x113x48

Fifty or Fifty, segment 8, 2006
Metal, printed cifres, 120x113x48




# Станко Павлески

Роден во Ерековци, Прилеп, Македонија, 1959. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје, 1984 год. Магистрирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград (Србија), 1992 год. Член е на ДЛУМ од 1984 год. Вработен е како професор на ФЛУ – Скопје.
e-mail: pavleskis@gmail.com
pavleski@flu.ukim.edu.mk.

Born 1959 in Erekovci, Prilep, Macedonia. Faculty of Fine Arts in Skopje, BFA 1984 Academy of Fine Arts in Belgrade (Serbia), MA 1992. He is a professor at the FFA in Skopje and member of DLUM (Macedonian Artists Association) since 1984.
e-mail: pavleskis@gmail.com
pavleski@flu.ukim.edu.mk

**Селектирани *самостојни изложби:***

1991 – Архитектони (скулптури и боени интервенции), МСУ, Скопје; 1992 – Обредни или за тишината, Галерија на академијата на ФЛУ, Белград; 1995 – Gallery DeZeyp (заедно со Ј. Шумковски), Брисел; 1997 – Текстови, Галерија La MaMa (заедно со Ж. Вангели), Њујорк; 2006 – „Театар Сара Бернар – 25.10.1903“, во рамките на „Проекција Балкон 1 – Александар“ (заедно со Т. Аџиевски и Ј. Шумковски), галерија Cité des Arts, Париз; 2008 – „Театар Маркус Гарвеј и Ман Реј 1913: претставува – Њујорк via Дарес Салам: Црно-бели транс перверзии“, како дел од „Проекција Балкон 2 – Автомобилски прозорец 2“ (заедно со Т. Аџиевски и Ј. Шумковски), МЦ, Њујорк.

Има учествувано на голем број *групни изложби* во Мурска Собота, Риека, Сараево, Панчево, Зрењанин, Загреб, Скопје, Вашингтон, Будимпешта, Париз, Горни Милановац, Нови Сад, Цетиње, Минхен, Белград, Нирнберг, Токио, Галерија „Сали Миро“ во УНЕСКО, Париз, Рим, Хамбург и Македонски современи уметници, МЦ, Њујорк.

Ги има добиено следниве *награди:* 1991 – 6. ПИЈС (Изложба на Југословенска скулптура), Прва рамноправна награда, Панчево; 3. Биенале на млади, МСУ, Grand Prix, Скопје; 1996 – 4. Интернационално биенале на уметноста во минијатура, Специјална награда на жирито, Горни Милановац; 1997 – 6. Зимски салон, Награда за скулптура Јордан Грабул, Скопје.

**Selected *solo exhibitions:***

1991 – Architectons (sculptures and colored interventions), Museum of Contemporary Art, Skopje; 1992 – Sacral or for the Silence, Gallery of the Academy of Fine Art, Belgrade; 1995 – Gallery DeZeyp (together with J. Sumkovski), Brussels; 1997 – Texts, La MaMa Gallery (together with Z. Vangeli), New York; 2006 – "Theatre Sarah Bernhardt – 25.10.1903" as a part of "Projection Balcony 1 – Alexander" (together with T. Adzievski and J. Sumkovski), Cité des Arts, Paris; 2008 – "Marcus Garvey & Man Ray Theatre 1913: Presents – New York via Dar es Salaam: Black – White Trans Perversions", as a part of "Projection Balcony 2 – Car Window 2" (together with T. Adzievski and J. Sumkovski), Gallery MC, New York.

He has participated in numerous *group exhibitions* in Murska Sobota, Ljubljana, Novi Sad, Rijeka, Sarajevo, Pancevo, Zrenjanin, Zagreb, Skopje, Herceg Novi, Sofia, Washington D.C., Budapest, Paris, Gornji Milanovac, Cetinje, Munich, Nuremberg, Belgrade, Tokyo, Gallery Miro Halls in UNESCO, Paris, Rome, Hamburg and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.

*He has won many prizes like:* 1991 - 6-th PUS (Exhibition of Yugoslav Sculpture), First Equality Award, Pancevo; 3-rd Youth Biennial, Skopje Museum of Contemporary Art, Grand Prix, Skopje; 1996 – 4-th International Biennial of Miniature (Special Jury Award), Gornji Milanovac; 1997 – Skopje, 6-th Winter Salon, Award "Jordan Grabul" for Sculpture, Skopje



Архитетони, психофобични III, 1989
метал, 2.50x60x1.80

Architetoni, Psychofobic III, 1989
metal, 2.50x60x1.80



# Јован Шумковски

## JOVAN SHUMKOVSKI

Роден е во Скопје, 1962 година. Дипломирал во 1986 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, и на истиот во 1999 година ги завршил постдипломските студии. Од 2002 година предава на истата високообразовна установа.
e-mail: sumkovski@flu.ukim.edu.mk

Is born in the city of Skopje, 1962. He has graduated at the faculty of Fine arts in Skopje 1986. Postgraduate studies in 1999 at the Faculty of Fine Arts in Skopje. From 2002 he is teaching painting at the same Faculty of Fine Arts in Skopje.
e-mail: sumkovski@flu.ukim.edu.mk

**Досега имал *самостојни изложби* во:**

1985 – Дом на културата Григор Прличев, Охрид; Ликовен салон, Велес; Дом на културата Ацо Шопов, Штип; 1987 – Дом на млади „25 Мај", Скопје; 1988 – Галерија СКЦ (со Драган Петковиќ и Благоја Маневски), Белград; 1990 – Музеј на современата уметност, Скопје; 1995 – КЦ де Зејп (со Станко Павлески), Брисел; 1997 – Музеј на град Скопје, Скопје; 1998 – Културен центар Снаг Харбор, Њујорк; 2000 – Куќа на скулптурата (со Милчо Манчевски), Стокхолм; 2001 – 49. Биенале, Национална селекција, Венеција; 2004 – Музеј на современата уметност, Скопје; 2006 – Press to Exit галерија, Скопје.

Учествувал во голем број на *групни изложби* во Скопје, Сомбор, Аранѓеловац, Риека, Сараево, Љубљана, Загреб, Марибор, Софија, Вашингтон Д.Ц. Сао Паоло, Морска собота, Париз, Њујорк, Нови Сад, Рим, Лондон, Минхен, Нуремберг, Токио и др.

**His *solo exhibitions* are the following:**

1985 – Cultural Centre Grigor Prlicev, Ohrid; Art Salon, Veles; Cultural Centre Aco Sopov, Stip; 1987 – Youth Centre "May 25", Skopje; 1988 – Gallery SKC (with Dragan Petkovic and Blagoja Manevski), Belgrade; 1990 – Museum of Contemporary Art, Skopje; 1995 – GC De Zeyp (with Stanko Pavleski), Brussels; 1997 – Museum of the City of Skopje, Skopje; 1998 – Snug Harbour Cultural Centre, New York; 2000 – Sculturens Hus (with Milcho Manchevski), Stockholm; 2001 – 49 Bienal, National Selection, Venice; 2004 – Museum of Contemporary Art, Skopje; 2006 – Press to Exit Gallery, Skopje.

He has participated in many *group exhibitions* in Skopje, Sombor, Arandjelovac, Rijeka, Sarajevo, Ljubljana, Zagreb, Maribor, Sofia, Washington D.C., Sao Paolo, Murska Sobota, Paris, New York, Novi Sad, Rome, London, Munich, Nuremberg, Tokyo and Macedonian Contemporary Artists, MC, New York etc.



Skopje Art Expo 2016, 2005

Под покровителство на Министерство за култура на Република Македонија
Under the Auspice of the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

**Национална галерија на Македонија**
Железничка 18, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Факс: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
ноември, 2008

**National Gallery of Macedonia**
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Fax: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
November 2008

Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Текст: Маја Крстевска
Организација на изложбата: Бојана Јанева
Биографија: Бојана Јанева
Дизајн: Борис Шемов
Превод на англиски: Јана Никуљска
Фотографии: Ѓорѓи Тричковски
Лектура: Екатерина Плескоњиќ
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Published by the National Gallery of Macedonia, Skopje
For the publisher: Maja Krstevska, director
Text: Maja Krstevska
Organizator of the exhibition: Bojana Janeva
Biography: Bojana Janeva
Design: Boris Semov
English translation: Jana Nikuljska
Photographs: Gjorgji Trickovski
Editing: Ekaterina Pleskonjik
Proofreading: Mihail Loparski
Printed by: Skenpoint, Skopje
500 copies

ISBN 978-9989-196-19-5

**Copyright © The National Gallery of Macedonia**